Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 243//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Марко Колев,** градоначалник на Општина Велес, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Сомнителни набавки за роднини и другари во општина Велес: Тракторчето од 44.000 евра во рацете на приватна фирма“**, објавен од неделникот Фокус на 06.03.2025 г. во бр.1535, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 01.04.2025 г., упати жалба за текстот „Сомнителни набавки за роднини и другари во општина Велес: Тракторчето од 44.000 евра во рацете на приватна фирма“, објавен од неделникот Фокус на 06.03.2025 г. во бр.1535, при што се жали на „пристрасно и необјективно, неточно и нефер изветување“ во кое нема застапено втора страна.

Во жалбата се наведува дека „градоначалникот Марко Колев и Општина Велес во континуитет се соочуваат со тенденциозни и неосновани напади од страна на одредени новинари и медиуми. Во многу наврати не сме реагирале на овие лажни тврдења, меѓутоа последниот напис сериозно го прекрши Кодексот на новинарите со неетичното, непрофесионално и неодговорно лажно известување“.

До медиумот бил испратен и опширен демант со барање за извинување, кој што медиумот го има објавено.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), содржината на демантот, како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот. Во одговорот се отфрлаат обвинувањата и се наведува дека се објавени информации кои се точни, вистинити, поткрепени со документи и со изјави од надлежните институции, меѓу кои и од Државниот завод за ревизија. Исто така користени се и информации од политичките партии застапени во Советот на општина Велес, како и изјави од градоначалникот на прес конференции и пренесени од други медиуми.

**ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ**

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Сомнителни набавки за роднини и другари во општина Велес: Тракторчето од 44.000 евра во рацете на приватна фирма", објавен од неделникот Фокус на 06.03.2025 г. во бр.1535 не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со управувањето со Општина Велес и трошење пари од буџетот на општината.

Комисијата констатираше дека станува збор за објавени информации кои претходно неделникот ги проверил од надлежни институции.

Комисијата констатираше дека иако со текстот не се опфатени сите детали за кои пишува градоначалникот во демантот, во текстот има доволно проверени информации што ги поткрепуваат тврдењата на новинарот, а особено податоците и информациите утврдени од Државниот завод за ревизија. Притоа, пренесени се основните забелешки и сомневања на ДЗР, а новинарот во новинарскиот текст не можел да навлегува во натамошно детално образложение на извештајот на ДЗР.

Второ, Комисијата ценеше дека медиумот побарал одговори на некои прашања од Градот и градоначалникот, а не добил одговор, без оглед што за некои прашања градоначалникот се произнел претходно на прес конференции. Комисијата не може да се впушта во проценка на тврдења дали на медиумот му било кажано дека ќе ги добиел подоцна и колку е тоа подоцна, ниту пак во тврдењето на новинарот дека одговорите ги чекал цел месец. За Комисијата е важно дека втората страна била контактирана и прашана. Исто така, медиумот уредно го објавил и демантот.

Поради ова, Комисијата со мнозинство гласови заклучи дека не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595